РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TE KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-799/2
18.02 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 46 - та седница, одржана на ден 12.02.2021 година, ДКСК донесе

## ОДЛУКА

Наводите од пријавата за постоење на судир на интереси во постапката за вработување на блиско лице (сопруга) на службеното лицето ------, директор на СОУ --------, спроведена од негова страна **се основани**.

Поради постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата со поведување на прекршочна постапка и постапување на надлежен орган по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на наведеното службено лице, постапката **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Постапката по предметот со број 09-5303/1 од 20.11.2019 година да се затвори и архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-5303/1 од 20.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од Политичката партија ------ против лицето --------, директор на СОУ ----------, со наводи дека истиот ја вработил својата сопруга ----------- како наставник по предметот Граѓанско образование во истото училиште каде службеното лице ја извршува функцијата директор.

За потврдување на наводите од пријавата, ДКСК се обрати до СОУ ------ со Барање за достава на податоци и информации бр. 09-5303/2 од 26.11.2019 година и по добивање на бараната документација, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Работното место, наставник по предметот Граѓанско образование е предвидено со Актот за систематизација на работните места на СОУ ------------. За пополнување на ова работно место во септември 2019 година не е објавен јавен оглас за вработување, туку истото е пополнето преку поднесено Барање за посредување од страна на СОУ --------- до Агенцијата за вработување, подрачна единица -------, преку Листа за посредување на кандидати за вработување на итни и неодложни работи – наставник по Граѓанско образование.

Листата за посредување на кандидати за вработување на итни и неодложни работи не е доставена во прилог на документацијата доставена до ДКСК, но се парафразира во одговорот доставен од СОУ ------ до ДКСК дека лицето -------- била единствен кандидат на листата за ова работно место.

До Агенцијата за вработување, подрачна единица ------- на ден 18.09.2019 година е доставено Известување потпишано од самиот директор во кое се наведува дека од Листата за посредување за работното место наставник по Граѓанско образование, по извршеното интервју за работа од страна на одговорното лице во СОУ -------- ---------- е избран кандидатот --------- која ја прифатила работата. Имено, до ДКСК не е доставен записник од спроведеното интервју, а од доставената документација може да се констатира дека е спроведено од самиот директор како овластено лице во ова училиште што се гледа по Овластувањето издадено за спроведување на пријава/одјава во АВРМ од страна на директорот на училиштето.

Договорот за вработување на определено време за итни и неодложни работи со неполно работно време од 12 часа неделно, заведен под бр. 04-568/1 од 18.09.2029 година до три месеци е потпишан од директорот на СОУ --------, -------- и лицето ----------, блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија утврди дека лицето ---------, директорот на СОУ -------, постапил спротивно на член 74 став 1 и член 75 став1 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а не постапил согласно член 3 став 1 и 2 и член 4 од истиот закон.

Имено, службеното лице ------, спротивно од наведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси учествувал и одлучувал во постапка за избор на кандидат за работно место во истата институција каде извршува јавни овластувања и должности, односно ја искористил функцијата за да изврши дејствие кое според закон не смее, по што се водел од лични и семејни врски и се довел во состојба на судир на интереси.

Државната комисија исто така констатира дека службеното лице --------- бил свесен за постоењето на состојбата на судир на интереси, но не побарал да биде изземен и да запре со своето постапување. Постапувајќи на овој начин, спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, горенаведеното лице ги повредило и начелата на законитост и интегритет при извршување на своите јавни овластувања и должности согласно член 3 став 1 и 2 и член 4 од ЗСКСИ.

Врз основа на член 114 став 3 од ЗСКСИ, ДКСК му издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-3179/4 од 11.09.2020 година на службеното лице ----------, директор на СОУ ----------- кој го прекршил член 74 став 1 и член 75 став 1, а казнив по член 107 став 1 алинеја 1 и 2 од ЗСКСИ. Исто така, ДКСК му издаде уште еден Прекршочен платен налог со бр. 09-3179/2 од 11.09.2020 година на истото лице кој го прекршил член 56 став 2, а казнив по член 105 став 1 алинеја 14 од ЗСКСИ поради тоа што во законски предвидениот рок после вработување на член на неговото семејство (сопруга) во орган на локалната самоуправа не ја извести ДКСК.

Службеното лице -----------, директор на СОУ ---------- изврши уплата на двата прекршочни платни налози во законски предвидениот рок, односно плати половина од изречената глоба согласно ЗСКСИ.

Поради констатираната фактичка состојба и утврдените повреди на одредбите од ЗКСИ, Државната комисија до градоначалникот на Општина --------, -----------, поднесе Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице --------, директор на СОУ --------- со бр. 09-3179/5 од 16.09.2020 година.

Градоначалникот на општината ----------- достави одговор до ДКСК со бр. 09-3179/8 од 12.11.2020 година во врска со тоа дека на ден 21.09.2020 година донел Одлука за отпочнување постапка за утврдување одговорност на службеното лице --------- директор на училиштето СОУ ------------.

Во согласност со член 93 став 1 алинеја 2 и член 105 од Законот за средното образование Градоначалникот до Министерството за образование и Државниот просветен инспекторат испратил барање за спроведување на итен надзор над законитоста на работата на директорот.

Државниот просветен инспекторат на ден 29.09.2020 година извршил вонреден инспекциски надзор во СОУ -------- од ---------- и составил записник во кој констатирал дека раководниот орган на ова училиште не ги прекршил одредбите од Законот за средното образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

Покрај наведените дејствија, исто така, градоначалникот на општина --------- во согласност со членовите 89-а и 93-б од Законот за средното образование се обратил и до Училишниот одбор на истото училиште за да постапи по доставената Иницијативата од страна на ДКСК.

Училишниот одбор на СОУ ----------- од ----------- на ден 09.11.2020 година одржал седница во која донел заклучок дека нема основ за поведување на постапка за одговорност, односно разрешување на директорот --------- и дека нема да се достави до градоначалникот на општина --------предлог за разрешување на истиот, за што на ден 10.11.2020 година е известен градоначалникот на општина -----------.

По добиените одговори од надлежните органи, градоначалникот на општина --------констатирал дека ја извршил својата обврска по поднесената Иницијативата од страна на ДКСК во отпочнатата постапка и на ден 10.11.2020 година донел одлука за запирање на постапката за утврдување на одговорност на службеното лице ----------, директор на СОУ -------------.

Согласно погоре изнесеното, потврдените наводи од пријавата, како и дејствијата преземени од страна на Државната комисија за спречување на корупцијта, односно донесената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице -------, директор на СОУ ------- – --------- и постапувањето по истата на надлежен орган, ДКСК на својата 46 – та седница, констатира дека постигнат е ефектот од нејзиното постапување поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З. – советник
Одобрил: Н.Б. – член на ДКСК